Врз основа на член 21 став 2 од Законот за занаетчиство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 215/2015), министерот за економија донесе

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПРОПИШАНИТЕ МИНИМАЛНО ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ НА ПРОСТОРИИТЕ ВО КОИ СЕ ВРШИ ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за исполнување на минималните технички услови на просториите во кои се врши занаетчиската дејност.

Член 2

Образецот на пријавата е со димензија на формат А4 и ги содржи следните податоци: назив и седиште на фирмата на занаетчијата, податоци за занаетчијата, регистрираните дејности согласно Националната класификација на дејности, адреса на просториите во кои се врши занаетчиската дејност и изјава на занаетчијата.

Член 3

Пријавата се поднесува до Државен пазарен инспекторат, во два примерока, од кои едниот примерок заверен од Државниот пазарен инспекторат треба да биде во просториите во кои се врши дејноста.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.___________

__________2022 година

Скопје

Министер за економија,

**Крешник Бектеши**, с.р.

Прилог

ДО
ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

________________________________

Пријава

ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА МИНИМАЛНИТЕ ТЕХНИЧКИ
УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ

1. Назив на фирмата на занаетчијата
________________________________________________________

2. Седиште на занаетчијата
________________________________________________________

3. Податоци за занаетчијата
Име и презиме ________________________________________
ЕМБГ _______________________
ул. _________________________________ бр. ______
место _________________________________________________
тел. __________________________

4. Регистрирани занаетчиски дејности
Шифра _________________________________

Опис ___________________________________________________
___________________________________________________

5. Адреса на просториите во кои се врши дејноста
ул. _________________________________ бр. ______
место _________________________________________________

ул. _________________________________ бр. ______
место _________________________________________________

ул. _________________________________ бр. ______
место _________________________________________________

место и датум
____________________________

потпис на подносителот на пријавата
________________________________________